**20080460785**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**

Врз основа на член 9 став 5 од Законот за обезбедување на лица и имот („Службен весник на Република Македонија" бр. 80/99 и 66/2007), министерот за внатрешни работи донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ПРОГРАМАТА И НАЧИНОТ НА ПОЛАГАЊЕ НА СТРУЧЕН ИСПИТ И ОСПОСОБУВАЊЕТО НА ФИЗИЧКИТЕ ЛИЦА ЗА ВРШЕЊЕ РАБОТИ НА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ЛИЦА И ИМОТ

Член 1

Со овој правилник се пропишува програмата и начинот на полагање на стручен испит, како и оспособувањето на физичките лица за вршење работи на обезбедување на лица и имот.

Член 2

Оспособувањето на лица за вршење работи на обезбедување на лица и имот се спроведува според Програма за оспособување и полагање на стручен испит за вршење на работи на обезбедување на лица и имот (во натамошниот текст: Програма), која е утврдена во прилог број 1 и е составен дел на овој правилник.

Член 3

Програмата се состои од теоретски и практичен дел, кои опфаќаат:

А. Теоретски дел:

1. Закон за обезбедување на лица и имот („Службен весник на Република Македонија" бр. 80/99 и 66/2007) и Закон за оружјето („Службен весник на Република Македонија" бр. 7/2005, 47/2006 и 42/2007);
2. Кривично право (општ и посебен дел) и криминалистика;
3. Овластувања на работниците за обезбедување, тактика во вршење работи на обезбедување и организација на работите на обезбедување;
4. Противпожарна заштита и техничка заштита;
5. Прва помош и самоодбрана.

Б. Практичен дел

1. Гаѓање и ракување со огнено оружје.

Член 4

Кандидатот за оспособување за вршење на работи на обезбедување на лица и имот поднесува пријава за оспособување до Комората на Република Македонија за обезбедување на лица и имот (во натамошниот текст: Комората).

Формата и содржината на пријавата од ставот 1 на овој член се утврдени во прилог број 2 кој е составен дел на овој правилник.

Член 5

Оспособувањето на кандидатите за вршење на работи на обезбедување на лица и имот се спроведува во траење од 40 часови и се извршува во градовите: Скопје, Тетово, Охрид и Штип.

Оспособувањето на кандидатите во градовите Тетово, Охрид и Штип се врши кога има пријавено најмалку 20 кандидати.

Член 6

По завршување на оспособувањето, од страна на Комората се издава на кандидатот потврда за оспособеност за вршење на работи на обезбедување на лица и имот, која е утврдена во прилог број 3 и е составен дел на овој правилник.

Кандидатот може да се пријави за полагање на стручен испит во рок од најмногу шест месеци од денот на издавање на потврдата од ставот 1 на овој член.

Член 7

Кандидатот за полагање на стручен испит поднесува пријава за полагање на стручен испит до Комората.

Формата и содржината на пријавата од ставот 1 на овој член се утврдени во прилог број 4 кој е составен дел на овој правилник.

Член 8

Стручниот испит се спроведува во два дела, теоретски и практичен дел.

Кандидатот, прво го полага теоретскиот дел од Програмата.

Кандидатот кој го положил теоретскиот дел од Програмата, го полага практичниот дел од Програмата, во ден кој ќе го определи комисијата.

Член 9

Стручниот испит се полага пред комисија формирана од министерот за внатрешни работи, за време од две години.

Комисијата е составена од пет члена и нивни заменици од кои два члена и двајца заменици на членовите по предлог на Комората и три члена и тројца заменици на членовите од Министерството за внатрешни работи.

Член 10

Член и заменик член на комисијата за полагање на стручен испит може да биде лице со завршено најмалку високо образование и со соодветно стручно искуство од областа на обезбедувањето.

Член 11

Успехот на кандидатот при полагање на теоретскиот дел од стручниот испит се оценува со:

- „го положи теоретскиот дел од стручниот испит" - доколку кандидатот ги положил сите предмети од теоретскиот дел од Програмата;

- „се упатува на поправен испит" – доколку кандидатот не положил најмногу два предмети од теоретскиот дел од Програмата или

- „не го положи теоретскиот дел од стручниот испит" – доколку кандидатот не положил најмалку три предмети од теоретскиот дел од Програмата.

Комората го известува кандидатот за постигнатиот успех од став 1 на овој член.

Кандидатот од ставот 1 алинеја 2 на овој член може да полага поправен испит за неположените предмети, во рок не пократок од еден месец, ниту подолг од три месеци од денот на приемот на известувањето од ставот 2 на овој член.

Кандидатот, кој во рокот определен во ставот 3 на овој член не се пријави за поправен испит, не се појави на поправен испит или на поправниот испит не покаже задоволителни резултати, се смета дека испитот не го положил.

Кандидатот кој не го положил стручниот испит може повторно да полага, најрано 30 дена од денот на приемот на известувањето од ставот 2 на овој член.

Член 12

За спроведувањето на теоретскиот дел од стручниот испит, комисијата од член 9 став 1 на овој правилник изготвува извештај за спроведен теоретски дел од стручниот испит, кој е утврден во прилог број 5 и е составен дел на овој правилник.

Член 13

Практичниот дел од стручниот испит се полага пред комисија на Министерството за внатрешни работи составена од полициски службеници, по претходно поднесено барање од Комората.

За положен практичен дел од стручниот испит, од страна на комисијата од став 1 на овој член на кандидатот се издава потврда за оспособеност за ракување со огнено оружје, која е утврдена во прилог број 6 и е составен дел на овој правилник.

Член 14

На кандидатот кој го положил стручниот испит од страна на Комората се издава уверение за положен стручен испит.

Формата и содржината на уверението од ставот 1 на овој член, се утврдени во прилог број 7 кој е составен дел на овој правилник.

Член 15

Со денот на отпочнувањето на примената на овој правилник престанува да важи Правилникот за програмата и начинот на полагање на стручен испит за вршење работи на обезбедување на лица и имот („Службен весник на Република Македонија" бр.41/2000).

Член 16

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува по три месеци од денот на неговото влегување во сила.

Бр. 13.1-20202/1
27 март 2008 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
м-р **Гордана Јанкулоска,** с.р.

Прилог број 1

# ПРОГРАМА
# ЗА ОСПОСОБУВАЊЕ И ПОЛАГАЊЕ НА СТРУЧЕН ИСПИТ ЗА ВРШЕЊЕ НА РАБОТИ НА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ЛИЦА И ИМОТ

Познавања на Законот за обезбедување на лица и имот („Службен весник на Република Македонија” бр.80/99 и 66/2007) и Законот за оружјето („Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/2005, 47/2006 и 42/2007);

## ТЕОРЕТСКИ ДЕЛ

4 часа

1.1 Закон за обезбедување на лица и имот:

1.1.1 Општи одредби;

1.1.2 Услови за вршење на обезбедување на лица и имот;

1.1.3 Права и должности на правните лица и работниците кои вршат обезбедување на лица и имот;

1.1.4 Задолжително обезбедување;

1.1.5 Комора на Република Македонија за обезбедување на лица и имот;

1.1.6 Евиденција;

1.1.7 Надзор;

1.1.8 Прекршочни одредби;

1.1.9 Преодни и завршни одредби.

1.2. Закон за оружјето:

1.2.1 Општи одредби

1.2.2 Набавување и поседување на оружје и муниција

1.2.3 Начин на постапување со оружјето и муницијата

1.2.4 Поништување и одземање на дозволата за оружје, дозволата за поседување на оружје и дозволата за носење на оружје

1.2.5 Казнени одредби

10 часа

2. Кривично право (општ и посебен дел) і криминалистика:

2.1 Општи одредби за кривично дело и кривична одговорност:

2.1.1 Кривично дело;

2.1.2 Кривична одговорност и Пресметливост;

2.1.3 Умисла и Небрежност;

2.1.4 Заблуда.

2.2 Подготвување и обид на кривично дело;

2.3 Начин, време и место на извршување на кривично дело;

2.4 Кривични дела против животот и телото: Убиство; Убиство од благородни побуди; Убиство на миг; Ubиство од небрежност; Наведување на самоубиство и помагање во самоубиство; Телесна повреда; Тешка телесна повреда; Учество во тепачка; Загрозување со опасно орудие при тепачка или караница; Излагање на опасност, Неукажување помош.

2.5 Кривични дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот: Присилба; Противправно лишување од слобода; Тортура; Малтретирање во вршење на службата; Загрозување на сигурноста; Нарушување на неповредливоста на домот; Противзаконито вршење претрес; Злоупотреба на лични податоци; Спречување на пристап кон јавен информатички систем; Неовластено откривање тајна; Неовластено прислушкување и тонско снимање; Неовластено снимање.

2.6 Кривични дела против честа и угледот: Клевета; Навреда; Изнесување лични и семејни прилики.

2.7 Кривични дела против половата слобода и половиот морал: Силување, Обљуба врз немоќно лице; Полов напад врз дете; Обљуба со злоупотреба на положбата.

2.8 Кривични дела против животната средина: Пустошење на шума; Предизвикување шумски пожар; Незаконит лов; Незаконит риболов.

2.9 Кривични дела против имотот: Кражба; Тешка каражба; Разбојништво; Разбојничка кражба; Затајување; Послужување; Одземање туѓи предмети; Одземање на моторно возило; Оштетување туѓи предмети; Оштетување туѓи права; Оштетување на станбени и деловни згради и простории; Изнуда; Уцена; Прикривање.

2.10 Кривични дела против општата сигурност на луѓето и имотот: Предизвикување општа опасност; Неотстранување опасност; Неучество во отстранување на општа опасност.

2.11 Кривични дела против безбедноста на јавниот сообраќај: Неукажување помош на лице повредено во сообраќајна незгода.

2.12 Кривични дела против службената должност: Злоупотреба на службената положба и овластување; Неизвршување наредба; Несовесно работење во службата; Проневера во службата; Измама во службата; Примање поткуп; Оддавање службена тајна.

2.13 Кривични дела против правосудството: Непријавување подготвување на кривично дело; Непријавување кривично дело или сторител; Помагање на сторител по извршено кривично дело.

2.14 Кривични дела против јавниот ред: Спречување на службено лице во вршење службено дејство; Напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста; Учество во толпа што ќе спречи службено лице во вршење на службено дејство; Насилство; Организирање на отпор; Лажно претставување; Недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи.

2.15 Криминалистички начела;

2.16 Начини на дознавање на извршено кривично дело;

2.17 Место на извршување на кривично дело;

2.18 Траги на извршено кривично дело;

2.19 Индиции – видови;

2.20 Оперативно тактички мерки и дејствија;

2.21 Оперативно превентивни мерки и дејствија за спречување на кривично дело.

5 часа

3. Овластувања на работниците за обезбедување и организација и тактика во вршење работи на обезбедување:

3.1 Овластувања на работниците за обезбедување;

3.2 Видови на обезбедување;

3.3 Сегменти во системот на заштита;

3.4 Начин на организирање на мерките за физичко обезбедување;

3.5 Одредување на ниво на заштита;

3.6 План за обезбедување;

3.7 Облици на загрозување на институциите под заштита;

3.8 Тим за обезбедување;

3.9 Заштитна формација;

3.10 Обезбедување на лице по место на живеење;

3.11 Обезбедување на лице по место на работење;

3.12 Контра-диверзиона заштита;

3.13 Транспорт на пари и вредносни пратки;

3.14 Претседателски зафат-евакуација на лице од критична зона;

3.15 Пожртвуван напад и неутрализација на закана по лице од критична зона;

3.16 Соработка со овластени службени лица од Министерството за внатрешни работи.

5 часа

4. Противпожарна и техничка заштита:

4.1 Пожари и причини за настанување;

4.2 Класификација на пожари според видот на горливата материја;

4.3 Видови противпожарни апарати;

4.4 Начин на употреба на рачни противпожарни апарати:

4.5 Хидранти и начин на употреба;

4.6 Превентивни мерки за заштита од пожар;

4.7 Задачи и постапки на работникот за обезбедување при појава на пожар;

4.8Противпожарни централи за дојава на пожар;

4.9 Стабилни системи за гаснење на пожар;

4.10 Средства и уреди за техничка заштита;

4.11 Алармни системи;

4.12 Затворен видео систем;

4.13 Систем за контрола на приодите;

4.14 Комуникациски врски и системи за контрола на објекти;

4.15 Мониторинг центар;

4.16 Техничка заштита на објекти од висок ризик.

10 часа

5. Самоодбрана и прва помош:

5.1 Техника на падови;

5.2 Одбрана од удари со рака и нога;

5.3 Зафати за приведување;

5.4 Џудо фрлање;

5.5 Одбрана од невооружен и вооружен напаѓач;

5.6 Вештачко дишење;

5.7 Запирање на крварење;

5.8 Третман на лице под шок;

5.9 Прочистување на дишник;

5.10 Евакуација и транспорт на повредениот.

## ПРАКТИЧЕН ДЕЛ

6 часа

6. Гаѓање и ракување со огнено оружје:

6.1 Расклопување, склопување, чистење и одржување на огнено оружје за потребите на правните лица кои вршат обезбедување на лица и имот;

6.2 Гаѓање со пиштол со 9 куршуми од кои 3 се пробни (6 + 3) на далечина од 10 м. во кружна мета (50 х 50 см) со најмалку 50% погодоци од вкупниот резултат, без притоа да се земаат во предвид пробните куршуми;

6.3 Гаѓање со пушка со 9 куршуми од кои 3 се пробни (6 + 3) на далечина од 100 м. во школска мета (1 х 1 м), со најмалку 50% погодоци во габаритен круг за полуавтомтска пушка (24 см) од вкупниот резултат, без притоа да се земаат во предвид пробните куршуми.

Прилог број 2

КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ЛИЦА И ИМОТ

**ПРИЈАВА ЗА ОСПОСОБУВАЊЕ**
**ЗА ВРШЕЊЕ НА РАБОТИ**
**НА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ЛИЦА И ИМОТ**

ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНОСИТЕЛОТ НА ПРИЈАВАТА

Име и презиме: _______________________________________________

Адреса: ____________________________________________________

Телефон: ___________________________________________________

ЕМБГ, место и држава на раѓање: ________________________________

Пријавувам оспособување за вршење на работи на обезбедување на лица и имот за:

Датум на започнување на оспособувањето: _________________________

Место на посетување на оспособувањето: __________________________

Кон пријавата приложувам доказ за уплатен надоместок за оспособувањето во износ од _________ денари.

Дата и место на поднесување на пријавата ____________________

Подносител ____________________________________________

Забелешка:

Надоместокот за оспособувањето за вршење на работи на обезбедување на лица и имот износува ____ денари и се уплатува на жиро сметка бр.____________.

Примател: Комора на Република Македонија за обезбедување на лица и имот.

Цел на дознака: Надомест за оспособување за вршење на работи на обезбедување на лица и имот.

Прилог број 3

КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ЛИЦА И ИМОТ

**П О Т В Р Д А**
**ЗА ОСПОСОБЕНОСТ ЗА ВРШЕЊЕ РАБОТИ НА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ЛИЦА И ИМОТ**

Кандидатот_____________________________________________________________, со ЕМБГ ________________________во периодот од_______________ до _______________, во градот_________________, посетуваше настава за оспособување за вршење на работи на обезбедување на лица и имот и го исполни условот за полагање на стручен испит за вршење на работи на обезбедување на лица и имот.

Датум________________

Претседател на Комората

М.П. ______________________________

Прилог број 4

КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ЛИЦА И ИМОТ

**ПРИЈАВА**
**ЗА ПОЛАГАЊЕ СТРУЧЕН ИСПИТ ЗА ВРШЕЊЕ НА РАБОТИ НА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ЛИЦА И ИМОТ**

ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНОСИТЕЛОТ НА ПРИЈАВАТА

Име и презиме: ___________________________________________________

Адреса: _____________________________________________________

Телефон: ____________________________________________________

ЕМБГ, место и држава на раѓање: _________________________________

Пријавувам полагање на стручен испит за предметите:

| Реден број | Предмет | Полагање по прв пат | Полагање по |
|---|---|---|---|
| 1. | | | |
| 2. | | | |
| 3. | | | |
| 4. | | | |
| 5. | | | |
| 6. | | | |

Кон пријавата приложувам:

- Потврда за оспособеност за вршење на работи на обезбедување на лица и имот
- Доказ за уплатен надоместок за полагањето во износ од _________ денари.

Дата и место на поднесување на пријавата:________________________________
Подносител:_________________________________________________________

Забелешка:

Идентитетот на кандидатот за полагање на стручен испит се утврдува непосредно пред полагањето на стручниот испит со увид во лична карта или патна исправа.

Надоместокот за полагање на стручниот испит изнесува _________ денари, а за поправен испит __________ денари и се уплатува на жиро сметка бр.________________,

Примател: Комора на Република Македонија за обезбедување на лица и имот.

Цел на дознака: Надоместок за полагање на стручен испит за обезбедување на лица и имот.

Прилог број 5

**ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА СПРОВЕДЕН ТЕОРЕТСКИ ДЕЛ ОД СТРУЧНИОТ ИСПИТ ЗА ВРШЕЊЕ НА РАБОТИ НА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ЛИЦА И ИМОТ**

Кандидатот ______________________________________________________________,

со ЕМБГ _____________________ на ден ________________, во ___________________,

полагаше стручен испит пред комисија и при тоа ги положи следните предмети:

1. _____________________________________
2. _____________________________________
3. _____________________________________
4. _____________________________________
5. _____________________________________

Од горенаведеното кандидатот го положи:

а) Делумно теоретскиот дел од стручниот испит
б) Целосно теоретскиот дел од стручниот испит

Датум _____________

Комисија:

1. ____________________________________
2. ____________________________________
3. ____________________________________
4. ____________________________________
5. ____________________________________

Прилог број 6

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**
**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 13 став 2 од Правилникот за програмата и начинот на полагање на стручен испит и оспособување на физичките лица за вршење работи на обезбедување на лица и имот (ІСлужбен весник на Република Македонијав бр. _______), Комисијата на Министерството за внатрешни работи изврши проверка на оспособеноста за ракување со огнено оружје, и ја издаде следната

# П О Т В Р Д А

Кандидатот_______________________________,роден-а_________________година, во___________________________________________,со ЕМБГ_________________________, е оспособен да ракува со огнено оружје.

Комисија:

1. ________________________________
2. ________________________________
3. ________________________________

Прилог број 7

**КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ЛИЦА И ИМОТ**

Број ___________________
Скопје, __________ година

Врз основа на член 14 став 1 од Правилникот за програмата и начинот на полагање на стручен испит и оспособување на физичките лица за вршење работи на обезбедување на лица и имот („Службен весник на Република Македонија" бр. _________), се издава

# У В Е Р Е Н И Е

________________________________________
Име и презиме

Роден-а ______________________ во _______________________________________
Ден, месец, година / место, општина и држава

На ден _______________ полагаше теоретски дел од стручниот испит за вршење на работи на обезбедување на лица и имот, пред комисија согласно член 9 став 2 од Законот за обезбедување на лица и имот („Службен весник на Република Македонија" бр. 80/99 и 66/2007), а на ден _______________ полагаше практичен дел од стручниот испит за вршење работи на обезбедување на лица и имот, пред комисија согласно член 9 став 3 од Законот за обезбедување на лица и имот („Службен весник на Република Македонија" бр. 80/99 и 66/2007),

# И ГО ПОЛОЖИ СТРУЧНИОТ ИСПИТ

Уверението е ослободено од такса согласно член ____ од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија" бр. 17/93, 20/96, 07/98, 13/2001, 24/2003, 19/2004, 61/2004, 95/2005, 70/2006 и 92/2007)

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА КОМОРА

М.П. ________________________